КИРСМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
DHOMA E PËRMBARUESVE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-585/5-1
21.11 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 78 од Законот за извршување („Службен весник на РМ“ бр.72/15, 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23) Управниот одбор на Комората на извршители на РСМ на 260-та седница на Управниот одбор на КИРСМ одржана на ден 21.11.2024 година, го донесе следниот:

# С Т А В

Одредбата од членот 36 став (5) од Законот за извршување, со која се уредува должноста на извршителот да отвори посебна сметка и рокот за пренос на паричните средства од посебната сметка на извршителот на сметката на доверителот, како и исклучоците од ова правило во случај на болест или оправдани причини е прецизна и јасна. Со посебни одредби од Законот за извршување се уредува во кои случаи поднесениот приговор или жалба го одлага распределувањето на паричните средства од посебната сметка на извршителот на сметката на доверителот.

Во однос на второто прашање, секој оформен предмет има посебен број и посебна извршна исправа, па доколку извршителот наплати паричен износ по кој било предмет истиот ќе го распредели согласно член 35 став (6) од Законот за извршување или ќе го одложи распределувањето на паричните средства до правосилноста на решението на судот, доколку постои приговор или жалба која го одлага распределувањето на паричните средства од посебната сметка на извршителот на сметката на доверителот, во случаите уредени со Законот за извршување.

Во смисла на чл. 36 ст. 5 од Законот за извршување, извршителот во секој конкретен предмет цени дали има оправдани причини за одлагање на преносот на средства на сметка на доверителот по реализираното извршување.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател на Управен одбор,
Весна Деловска

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/факс 02 3239 877
е -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com